Бр./Nr 12-95/5

10-06-2021 г./V.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава за корупција, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 49-та седница одржана на ден 07.06..2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот со 12-4040 од 2019 година, оформен врз основа на анонимна пријава со број 12-4040/1 од 26.08.2019 година, доставена до ДКСК од стечајни работници на ТРО „--------- ---------" од ------------- -------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12-4040 од 2019 година.

Предметот со број 12 - 4040 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4040 од 2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава со број 12-4040/1 од 26.08.2019 година, доставена до ДКСК од стечајни работници на ТРО „„--------- ---------" од ------------- -------. Во добиената пријава изнесени се наводи за корупција со имот во државна сопственост во ------------ -------- против познати и непознати лица, на органи на државната власт на локално и централно ниво и на граѓаните во ------------ ------ и пошироко, а поради коруптивно и незаконито располагање со имот - деловен простор - од поранешна ТРО„„--------- ---------" од ------------- -------.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот во врска со предметните наводи и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај ДКСК достави барање за податоци и информации до други надлежни органи и институции. На барањата на ДКСК доставени се бараните податоци и информации и по разгледување на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

-Во конкретниот случај станува збор за наводи против познати и непознати лица од ------------- -------., на органите на државната власт на локално и централно ниво и на граѓаните во ------------- -------.и пошироко, поради коруптивно и незаконито располагање со имот во државна сопственост - деловен простор - од поранешната ТРО„„--------- ---------" од ------------- -------., од поединци како управители на споменатото претпријатие и како корисници на деловните простории од претпријатието без никаква надоместок - закупнина. Подносителите на пријавата во својство на поранешни вработени лица во ТРО„„--------- ---------" од ------------- -------. подолго време укажувале на сите надлежни државни институции за

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ваквото коруптивно - незаконито управување и располагање со имотот на оваа друштво, но по основ на сето тоа досега ништо не било преземено од нивна страна, туку напротив претходното продолжило, но во уште посовршена форма,моментално претпријатието формално немало управител но фактички постоело и така имотот - деловен простор се користел од поединци без истите легално да плаќаат закупнина, или пак тоа се правело на рака или им се опростувало заради партиски политички цели т.е. поддршка од корисниците на деловните простории на давателот на државниот имот без надоместок. Според подносителите, овој долгогодишен хаос и невидена незаконитост била поддржана од институциите кои соодветно не реагирале, а притоа мислат на МВР, УЈП, Министерство за економија, Министерство за финансии, Обвинителството, Државниот правобранител и други понови институции, кои не само што дозволиле имотот да се користи без никаков надоместок - закупнина од поедини правни и физички лица - поданици на порано формалниот и сега фактичкиот управител на ТП „--------- ---------“ од ------------- -------., туку имотот почнал да се распаѓа односно обезвреднува и имало ситуација каде истиот го загрозувал и нивниот приватен имот - станови поради распаѓањето и не одржувањето на деловниот простор во новата зграда од наведениот субјект.

Подносителите се обраќаат до ДКСК и бараат да го испита начинот на управување со споменатото претпријатие и начинот на користење на деловниот простор од поедини правни и физички лица без никаков надоместок само од поедини лица и за ваквиот коруптивен начин на управување да покрене постапка за одговорност на лицата кои биле инволвирани.

- По извршени проверки од страна на ДКСК дојдено е до следните сознанија :
*во Службен весник бр.--- од 15.02.1971 година, објавено е дека: „Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. --, страна 351, книга I е запишано под фирма: Трговско претпријатие „„--------- ---------“ од ------------- -------.- Организација на здружен труд - Претставништво во Скопје, ул. „-.-------------" бр. --. Предмет на работењето на претставништвото е склучување на договори за купопродажба на стока, која е предмет на работењето на матичното претпријатие, во име и за сметка на претпријатието. Претставништвото е основано од работничкиот совет на Трговското претпријатие „--------- ---------“ од ------------- -------., со одлуката бр. ------ од 16.VII. 1970 година од одржаната седница на 11. VII. 1970 година. Претставништвото во Скопје, ул. „-------- ---------" бр. ---- ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат -------- -------- --------, в. д, шеф на претставништвото и ----------- -- ---------------, директор на претпријатието, во границите на овластувањето. Обврската пред банката е со еден потпис. Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. ----- од 11. VIII. 1970 година.“;
*во Службен весник од 1972 година бр.--- од 26.02.1972, е објавено дека:„Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. ---, страна 355, книга I е запишано следното: Досегашниот в. д. раководител на Претставништвото во Скопје, ул. „------------- " бр. --, на Трговското претпријатие „--------- ---------“ од ------------- -------., --------- -------- ----------- е разрешен од должност и му престанува правото за потпишување. За шеф на Претставништвото во Скопје, ул. „--.--------------" бр. --, на Трговското претпријатие „--------- ---------“ од ------------- -------., е назначен - ------------- -------- ------------, кој истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со ново назначениот потписник ----------- ------- ---------, шеф на комерцијалниот сектор, согласно со одлуката бр. ------- од 13. VII. 1970 година на работничкиот совет од одржаната седница на 8. VII. 1970 година. Обврската пред банката е со еден потпис. Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. ----- од 19. IV. 1970 година.“;

*во евиденцијата на Управата за јавни приходи за даночни обврзници пронајдени се податоци за наведеното друштво и тоа како ДОО во мешовита сопственост за трговија „„--------- --------- ----------------“----------- ------------- -------., со ЕДБ ------------------ и ЕМБС ------------------;
*во евиденцијата на Централен регистар при проверка на големина на субјект со наведениот ЕМБС стои дека големината на правниот субјект е мал но, нема податоци за тековна состојба за наведениот правен субјект.

- На ден 17.08.2020 година, по барање на ДКСК доставен е одговор од страна на Управата за јавни приходи, со прилог документација, со кој се известува дека при отворањето на стечајната постапка на ТРП „„--------- ---------“ од ------------- -------. која била започната во 1994 година и заведена под бр.---------, Управата за јавни приходи немала ненаплатени побарувања од ТРО„„--------- ---------“. По однос на наводите за користење на деловниот простор на овој субјект од страна на поедини правни и физички лица без никаков надоместок, од страна на шефот на даночниот шалтер во ---------------- -------- била направена посета на објектите и било констатирано дека истите ги користат правни лица за вршење на стопанска дејност а во две деловни простории се вршела и трговска дејност -трговија на мало а истите според изјавите на корисниците биле користени повеќе од 20 години и не се плаќало закупнина поради тоа што не постоел правен субјект како сопственик на деловните простории а доколку некој им побарал тие ќе си плаќале закупнина. Исто така, еден објект се користел за откуп на печурки со ладилник кој во моментот на посетата бил затворен поради тоа што сопственикот кој бил странски државјанин и во моментот се најдувал во странство. На крајот од писменото, Управата за јавни приходи известува дека РД даночен шалтер во -------------- -------- не располагала со никакви податоци и документација во врска со оваа стечајна постапка, воедно и РД во --------- не располагала за вакви податоци, а ДКСК се упатува по однос на предметната стечајна постапка податоците да ги обезбеди од Основниот суд, надлежниот стечаен судски совет и надлежниот стечаен судија кој го водел овој предмет.

- На ден 08.01.2021 година, по барање на ДКСК доставен е одговор од страна на Основниот Граѓански суд, со кој се известува дека за да можеле да постапат по предметниот случај барањето требало да им биде доставено преку Судскиот совет на Република Северна Македонија. Имено Судскиот совет на РСМ согласно чл.31 од Законот за судски совет на Република Северна Македонија бил надлежен меѓу другото да ја следи и оценува работата на судиите, да утврдува нестручно и несовесно вршење на судската функција, да постапува по претставки и поплаки на граѓаните и правните лица за работата на судиите и судовите, па со оглед дека согласно барањето на ДКСК потребно било доставување на целокупната документација односно списи на судски предмет, од кој ќе се цени и разгледува и постапувањето на одреден судија, неопходно било за истото да биде запознаен и Судскиот совет на РСМ.

-По барање на ДКСК, на 17.02.2021 година добиено е известување од Судскиот совет на РСМ, со кое се известува дека е постапено по барањето на ДКСК и барањето било проследено/доставено на надлежно постапување до Основниот граѓански суд Скопје.

На 25.02.2021 година, Судскиот совет на РСМ во прилог ги доставува информациите во врска со стечајната постапка на ДОО Мешовита сопственост за трговија --------- ----------- увоз - извоз во стечај, ------------- -------, која била започната во 1994 година и заведена под број 378/94 а кое им било доставено од страна на Основниот Граѓански суд на ден 19.02.2021 година.

Во известувањето е наведено дека од страна на првостепениот суд биле извршени проверки во судската евиденција при што заради пронаоѓање на списите од предметот имало обраќање и до Основниот кривичен суд Скопје, од кој на ден 29.12.2020 година било добиено било известување со кое

овој суд ги известил дека по извршените проверки од нивна страна бараниот предмет бил испратен во Основниот суд Кичево, а со оглед дека се работело за пријава со наводи за корупција со имот во државна сопственост поврзано со судски предмет односно, со евентуални незаконитости и злоупотреби на стечајна постапка, ова известувањето е проследено и до ДКСК.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во предметниот случај, по барањата на ДКСК, постапено е од страна на друг орган кој е надлежен да постапува од областа и предметот во врска со предметната стечајна постапка бил испратен на постапување на Основен суд Кичево. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира, а предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: Б.И, Претседател на ДКСК